ПРАВИЛНИК
НА МЕЃУНАРОДЕН ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ ЗА ДЕЦА
„ТИНТИРИ МИНТИРИ ФИЛМ ФЕСТ“

1. Второто издание на „Тинтири Минтири Филм Фест“ ќе се одржи во Скопје, Република Македонија.

2. Датум и локација: фестивалот ќе се одржи во Скопје, република Македонија, од 10-ти до 12-ти јуни 2016.

3. Главната цел на фестивалот е да обезбеди заедничка платформа на автори на филмови за деца, со цел прикажување на филмовите и едукација на децата преку филмови кои пренесуваат соодветна покрака; промоција на позитивни вредности, пријателство, семејни вредности и соработка меѓу луѓето, промоција на филмската уметност како специфичен уметнички израз и промоција на филмот кај децата како идни филмски професионалци.

4. Фестивалската програма е сочинета од следните секции:

- Отворена меѓународна напреварувачка секција;
- Тематски секции, специјални проекции, работилници и форуми.

5. Организатор на „Тинтири Минтири Филм фест“ 2016 е Аурипигмент продукција во соработка со здружението „Тинтири Минтири“ и Кинотека на Македонија.

6. Филмови во официјална конкуренција можат да поднесуваат уметнички училишта, продуцентски компании, филмски институции, независни уметници и други компетентни лица. Апликантите имаат неколку опции за пријавување на филмови:

- преку обична пошта на фестивалската адреса ул. Венијамин Мачуковски 17/1-1 1000 Скопје, Република Македонија.
- преку он лајн пријавување на филмските платформи Festhome (https://festhome.com/) и ClickforFestivals (www.clickforfestivals.com)
- преку фестивалската мејл адреса kc. tintirimintiri@gmail.com.

7. Апликантите на избраните филмови за официјална селекција треба да ги пратат следните материјали за фестивалско прикажување: пријавениот филм во HD резолуција, слики од филмот (во висока резолуција), синопсис, слика и биографија од режисерот и дијалог листа на англиски јазик. Он-лајн апликантите треба да ги пратат податоците на официјалната мејл адреса на фестивалот: kc.tintirimintiri@gmail.com

8. Пријавените филмови можат да бидат наменети за деца од сите возрасти.

9. Фестивалот ги задржува правата за ги исклучи филмовите што можат да содржат содржини кои го навредуваат националното чувство, кои промовираат расна дискриминација или филмови кои се штетни за заедницата или за човештвото.

10. Пријавените филмови за официјална компетиција можат да бидат изработени во било која техника (играни и анимирани) со времетраење до 25 минути за кратки филмови за деца и до 120 минути за дологометражни филмови за деца, а завршени по 31 декември 2014 година.

11. Уметничкиот директор (селектор на фестивалот) заедно со Бордот на Фестивалот ја одредува листата на филмови во официјална конкуренција.

12. Филмовите треба да бидат поднесени во HD резолуција.

13. Организаторите на Фестивалот го задржуваат правото да поканат филмови за кои сметаат дека се соодветни за програмата на фестивалот.

14. Пријавувањето и учеството на Фестивалот не се наплаќа. Трошоците за поштенски услуги и набавка на материјали ги покриваат апликантите. Пријавените материјали не се враќаат.

15. Краен рок за пријавување е 1. 5. 2016.

16. Апликантите се обврзани да испратат официјален англиски превод на пријавените филмови.

17. Фестивалската копија треба да биде испратена со идеални технички карактеристики, на истата адреса, со англискиот превод.

18. Филмскиот фестивал за филмови за деца „Тинтири Минтири Филм фест“ формира жири комисија која ги доделува наградите.

19. Филмовите избрани во официјална селекција можат да бидат прикажани повеќе од три пати за време на Фестивалот.

20. Апликантите се согласуваат да му ги отстапат на Фестивалот правата за бесплатно користење на филмовите за промотивни цели, во промотивни материјали, Фестивалски публикации (печатени материјали, веб сајт и сл.) и за фестивалска промоција на сите медиуми, како и за ТВ прикажување поврзано со Фестивалот.

21. Продуцентите на филмовите во официјална селекција се согласуваат да бидат организирани најмногу 9 прикажувања на филмовите во официјална селекција без надомест, по завршувањето на Фестивалот, во Македонија и во странство.

22. Пријавувањето на Фестивалот значи прифаќање на Правилникот на Фестивалот.

23. Организаторите ќе одлучат за сите работи кои не се вклучени во Правилникот.

Официјална адреса на Фестивалот:

Ул. Венијамин Мачуковски
17/1-1 1000 Скопје
Република Македонија

e-mail: kc.tintirimintiri@gmail.com
Контакт телефон:
+389 78 30 21 61

web site: www.tintirimintiri.mk